Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на ден од дневни настани 20.09.2020

На 19.09.2020 во 10.10 часот во населба Ѓорче Петров, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода 16-годишник од с.Крушопек, скопско, бидејќи при земјавање мерки за отстранување на „диви" продавачи околу пазарот „Ѓорче Петров", пријавениот одбил да се легитимира и физички ги нападнал полициските службеници. Се земаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.09.2020 околу 13.00 часот во Прилеп, полициски службеници од Полициска станица Прилеп ги лишиле од слобода М.Д.(31), И.А.(32) и С.Х.(35), сите од Прилеп, бидејќи при извршување работни задачи од областа на безбедноста, пријавените физички ги нападнале полициските службеници. Се земаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.09.2020 во 13.50 часот во близина на бензинска пумпа на патот Неготино – Демир Капија, патничко возило „опел корса", со скопски регистарски ознаки, управувано од О.Д.(31) од Скопје, излетало од коловозот, при што на месторо на незгодата починал сопатникот Р.К.(89) од Скопје, а сопатничката М.К.(66) од Скопје се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Неготино. Увид на месторо на незгодата извршиле Јавен обвинител и екипа од Полициска станица Неготино.

На 20.09.2020 во 01.15 часот на локален пат Пробиштип – с.Ратавица, на место викано „Леговец", М.Ѓ.(26) од с.Турско Рудари, пробиштипско, управувајќи патничко возило „сеат леон", со пробиштипски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал надвор од коловозот. По незгодата, возачот и сопатникот М.В.(22) од Злетово биле пренесени во Клиничка болница Штип, каде кај М.Ѓ. биле констатирани тешки телесни повреди, а кај М.В. телесни повреди. Увид на месторо на незгодата извршила екипа од Полициска станица Пробиштип.

На 19.09.2020 во 23.50 часот во Тетово, од полициски службеници од Полициска станица Тетово била приведен К.К.(33) од Р.Албанија, кој при акциска контрола бил затекнат како работи во угостителски објект со нерегулиран престој во Република Северна Македонија. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.09.2020 околу 01.15 часот на автопат кај Северна обиколница на Скопје, помеѓу клучка Стајковци и клучка Арачиново, патничко возило „форд фокус", со германски национални ознаки, управувано од З.Р.(28) од Охрид излетало од коловозот. По незгодата, возачот и сопатниците Д.Р.(30) од с.Лешани, охридско, В.М.(29) и Б.Р.(27), и двајцата од Македонски Брод, биле пренесени во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде кај сопатниците Д.Р., В.М. и Б.Р. биле констатирани тешки телесни повреди, а кај З.Р. телесни повреди. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид на месторо на незгодата извршила екипа од СВР Скопје.

На 19.09.2020 во 12.50 часот во Полициска станица Карпош, Т.П.(22) од Скопје пријавил дека на кеј на реката Вардар, во близина на Скејт паркот во Скопје, бил каснат од куче скитник.

На 19.09.2020 околу 19.40 часот на регионален пат с.Витолиште – Прилеп, мотоцикл „ктм", со прилепски регистарски ознаки, управуван од Д.Н.(47) од Прилеп, излетал од коловозот. Од здобиените повреди Д.Н. починал на месторо на незгодата. Смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош, а увид на месторо на незгодата извршиле Јавен обвинител и екипа од Полициска станица Прилеп.

На 19.09.2020 околу 09.30 часот во СВР Струмица било пријавено дека во атар на с.Мокриево, струмичко, во нива на место викано „Длабока", додека Д.Н. сечел дрва, едно од дрва паднало и ја повредило неговата сопруга Ж.Н.(59), при што таа починала на лице место. Лекар констатирал смрт, а увид на месторо на настанот извршиле Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Струмица.
На 19.09.2020 околу 20.20 часот на ул.„Борис Кидричˮ во близина на парк во Тетово, од полициски службеници од СВР Тетово биле лишени од слобода Г.Х.(21) и Х.А(20), двајцата од Тетово, бидејќи кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.09.2020 во 11.40 во с.Сарачино, тетовско, со судска наредба е приведен Д.Ц.(21) од с.Сарачино и спроведен во Казнено-поправната установа Затвор-Тетово, за издржување на затворска казна за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсориˮ.

На 20.09.2020 околу 02.40 часот во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово биле лишени од слобода А.А.(23) од с.Јеловјане, тетовско, и Л.М(18) од Тетово, бидејќи кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.09.2020 во 16.45 часот во Полициска станица Кавадарци било пријавено дека во угостителски објект на ул.„Западен булевар" во Кавадарци, по предходна расправија, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу П.Г., И.Г. и Д.Г., од една страна, и О.П. од друга страна, сите од Кавадарци. Се земаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.09.2020 полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода М.С.(55) од Велес, поради сомнение дека извршил обљуба врз 64-годишна жителка на Велес, која околу 11.00 часот го пријавила случајот во Полициска станица Велес. М.С. е задржан за понатамошна постапка, а за настанот е запознаен Јавен обвинител. Увид извршила екипа од СВР Велес и се земаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.09.2020 во 13.30 часот во Полициско одделение Ропотово, И.В.(67) од с.Лажани, прилепско, пријавил дека околу 13.15 часот во Средна Џамија во с.Лажани, бил физички нападнат од А.П. од с.Лажани. Се земаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.09.2020 во 14.25 часот во Полициско одделение Групчин било пријавено дека во с.Рогле, Општина Желино, во куќа во сопственост на А.С.(28), настанал пожар, при што објектот бил целосно опожарен. Повредени лица нема, а пожарот е изгаснат од Противпожарната единица од Тетово. Увид на месторо на настанот извршила увидна екипа при СВР Тетово.

На 19.09.2020 во 13.20 часот во СВР Штип било пријавено дека на крстосница кај с.Тработилиште, делчевско, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „мерцедес", со штипски регистарски ознаки, управувано од С.П.К.(41) и патничко возило „лежо", со штипски регистарски ознаки, управувано од Ѓ.Ј.(82), и двајцата од Пехчево. По незгодата, сопката од патничкото возило „лежо", Г.Д.(54) од Пехчево била пренесена во Комплекс клиники „Мајка Тереза", за укажување на лекарска помош. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид на месторо на незгодата извршила екипа од Полициска станица Делчево.

На 20.09.2020 околу 00.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека во болницата „Аџибадем Систина" бил донесен А.Р.(26) од Скопје, со тешка телесна повреда нанесена од остар предмет. Според пријавеното, тој бил нападнат од три лица во Градскиот парк во Скопје. Се земаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.09.2020 во 15.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 14.40 часот, во близина на тоалетите на Граничен премин Меѓународен аеродром Скопје, од обезбедувањето на аеродромот бил пронајден починат А.Х.(67) од Шведска. Од лекар била констатирана смрт без траги на насилство. Увид извршила екипа на СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено за обдукција.

На 20.09.2020 околу 01.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул.„Франклин Рузвелтˮ и ул.„Дрезденска", непознато лице со закана со остар предмет одзело пари и мобилен телефон од 17-годишник од Скопје. Се земаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.09.2020 околу 15.40 часот на локален пат с.Матејче, Општина Липково, кумановско, трактор „урсус", без регистарски ознаки, управуван од Б.И.(56) од с.Матејче, удрил во вид и се превртел. Б.И. бил пренесен во Ургентен центар Куманово, каде од лекар била констатирана смрт. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа од СВР Куманово.

На 20.09.2020 во 01.09 часот во Полициска станица Кавадарци, А.Е. пријавил дека пред казино на ул.„Тиквешко востаниеˮ во Кавадарци дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу И.А.(21) и В.Д.(29), двајцата од Кавадарци, од една страна и П.Д.(22) од Битола со уште едно лице, од друга страна. Се земаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.09.2020 во 09.30 часот во СВР Струмица, С.К.(54) од Струмица пријавил дека во 04.15 часот неговиот син Г.С. го известил дека настанал пожар во нивното патничко возило „тојота корола", со струмички регистарски ознаки, по што С.К. го изгаснал огнот. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Струмица. Се работи на расчистување на случајот.

На 20.09.2020 во 01.28 часот во СВР Скопје, А.С.(46) од Скопје пријавил дека во близина на угостителски објект на бул.„Јане Сандански" во Скопје, едно лице во два наврата во воздух испукало проектили од огнено оружје. Полициски службеници од СВР Скопје излегле на местото на настанот и биле пронајдени три чаури од огнено оружје, кои се подигнати од екипа од СВР Скопје за понатамошна постапка. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 19.09.2020 во 15.00 часот во СВР Битола, Б.П.(53) од Битола пријавил дека околу 13.40 часот пред угостителски објект на ул.„Климент Охридскиˮ бил физички нападнат од К.К., кој потоа му се заканувал со остар предмет. Се земаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.09.2020 во 02.00 часот во СВР Скопје, С.А.(49) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечила нејзината ќерка Ш.А.(15) од Скопје. Се земаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 19.09.2020 околу 16.00 часот во СВР Скопје, И.П.(48) од Скопје пријавила дека околу 15.55 часот, во куќа на ул.„Партизански патˮ забележала залутано зрно од огнено оружје, кое не предизвикало никакво оштетување. Од екипа од СВР Скопје зрното е подигнато.

На 20.09.2020 околу 04.45 часот во СВР Битола, Ф.Ф. (19) од Битола пријавил дека во близина на хотел на ул.„Широк сокакˮ во Битола бил физички нападнат од Ѓ.М. и Т.Н.. Се земаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.09.2020 во 21.45 часот во СВР Куманово било пријавено дека две лица предизвикале пожар, при што била опожарена влезната врата од објект на ЕВН на ул.„Тодор Велковˮ во Куманово. Пожарот е изгаснат од обезбедувањето на објектот. Се земаат мерки за расчистување на случајот.

Сеној упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет